# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 96** **9 април 2020, четврток** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1421. | **Правилник** за дополнување на Правилникот за зголемување на основната плата и додатокот на плата за звање, нивната висина и начинот на утврдување | **2** |
| 1422. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за видовите и описот на ставки што ќе се земат во предвид при пресметка на капиталот на друштво за осигурување и/или реосигурување | **2** |
| 1423. | **Објава** за движењето на индексот на цените на мало во Република Северна Македонија за месец март 2020 година | **3** |
| | **Огласен дел** | **1-76** |

# АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**1421.**

Врз основа на член 23, став (3) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2015, 153/2105, 192/2015, 61/2016, 172/2016, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ПЛАТА И ДОДАТОКОТ НА ПЛАТА ЗА ЗВАЊЕ, НИВНАТА ВИСИНА И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за зголемување на основната плата и додатокот на плата за звање, нивната висина и начинот на утврдување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 196/19), по членот 5 се додава два нови членови 5-а и 5-б кои гласат:

„Член 5-а

„(1) Примената на Правилникот за зголемувањето на основната плата и додатокот на плата за звање, нивната висина и начинот на утврдување се одложува за време на траењето на вонредната состојба на територијата на Република Северна Македонија.

(2) Правилникот за зголемувањето на основната плата и додатокот на плата повторно ќе отпочне да се применува по завршувањето на траењето на вонредната состојба на територијата на Република Северна Македонија и по остварување на приходи на самофинансирачката сметка на Агенцијата во висина еднаква или поголема од приходите остварени во Агенцијата пред утврдувањето на постоење на вонредната состојба, односно вкупни приходи кои нема да го нарушат нормалното функционирање на Агенцијата и реализацијата на Годишната програма и буџетот на Агенцијата.

(3) Секторот за финансии на неделна основа, до директорот на Агенцијата и Управниот одбор доставува извештај за финансиската состојба на Агенцијата.

Член 5-б

Овој правилник не се применува за одредбите од член 23 став 4 од Законот за катастар на недвижности.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува за пресметување на платата на административните службеници, почнувајќи од месец април 2020 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 0101-5116/1 | Претседател |
| 3 април 2020 година | на Управен одбор, |
| Скопје | м-р **Ирма Мандева,** с.р. |

# АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**1422.**

Врз основа на членовите 158-ѕ точка 1, 74 точки 1), 2), 3) и 9) и 104 став (1) точка 1) а во врска со членовите 68, 69 и 71 од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 31/20), Советот на Експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 31.3.2020 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИДОВИТЕ И ОПИСОТ НА СТАВКИ ШТО ЌЕ СЕ ЗЕМАТ ВО ПРЕДВИД ПРИ ПРЕСМЕТКА НА КАПИТАЛОТ НА ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И/ИЛИ РЕОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за видовите и описот на ставки што ќе се земат во предвид при пресметка на капиталот на друштво за осигурување и/или реосигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/11, 64/11, 61/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.170/19), во член 6 став (1) во точката 4 сврзникот “и” се заменува со точка и запирка.

По точката 4 се додаваат нови две нови точки 5 и 6 кои гласат:

„5. да не предвидуваат исплата на камата или друг вид принос којшто сериозно може да ја загрози профитабилната позиција на друштвото за осигурување;

6. камата не смее да биде повисока од каматата на последната емисија на државните хартии од вредност издадени од страна на Министерството за финансии на домашниот пазар во изминатите 12 месеци пред издавањето на субординираниот инструмент, имајќи ја во предвид соодветната рочност и валута, односно најблиската рочност со соодветна валута за која Министерството за финансии има издадени државни хартии од вредност, најмногу зголемена за 1 процентен поен; и“

Точката 5 станува точка 7.

По точката 5 која станала точка 7 се додава нова точка 8 која гласи:

„8. Доколку субординираниот должнички инструмент повеќе не ги исполнува условите од овој член, истиот не може повеќе да се вклучи во пресметка на дополнителниот капитал.“

Член 2

По членот 7 се додава нов член 8 кој гласи:

„Член 8

(1) Пред да ги вклучи во пресметката на дополнителниот капитал, субординираните должнички инструменти од членот 6 и хартиите од вредност со неопределен рок на доспевање од членот 7 од овој правилник, друштвото за осигурување е должно да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување за условите под кои тие се настанати, преку презентирање на договорот и останатата документација, најмалку 30 дена пред намерата за вклучување на овие инструменти во пресметката на дополнителниот капитал.

(2) Останатата документација од ставот (1) од овој член треба да ги содржи условите наведени во членовите 6 и 7 од овој правилник, опис на сметководствениот третман на инструментот, како и:

- одлука на органот на управување на друштвото за осигурување за издавање на субординираниот должнички инструмент и хартии од вредност со неопределен рок на доспевање.

- одлука (решение) на Централниот депозитар за хартии од вредност за упис на инструментот во регистерот на хартии од вредност, доколку е соодветно;

- проспект на издадениот инструмент (доколку е соодветно), заедно со евиденција за уплата, и листа на доверители на друштвото за осигурување, односно на сопствениците на инструментот;

- пресметка на капиталот со состојба на последниот ден од месецот пред и по вклучувањето на овие инструменти во пресметката на дополнителниот капитал;

- проекција на капиталот, во однос на природата, видот и обемот на активностите коишто ќе ги извршува друштвото за осигурување за наредните 4 години; и

- проекција на приходите и расходите на друштвото за осигурување во која е земен предвид ефектот од користењето на субординираниот должнички инструмент или хартиите од вредност со неопределен рок на доспевање, најмалку за следните 4 години.“

Член 3

Во членот 8 кој станува член 9 ставот (6) се менува и гласи:

„Кон известувањето од став (5) на овој член за пресметаниот дополнителен капитал од член 4 став (1) точки 3 и 4 од овој правилник, друштвото за осигурување приложува појаснување за обелоденетите износи, во кое појаснување се наведени правниот основ на примените парични средства, датумот од кој друштвото почнало да ги вклучува примените парични средства во пресметка на дополнителниот капитал, како и датумот кога доспева обврската на друштвото за осигурување за враќање на примените парични средства по основ на издадениот инструмент, доколку во договорот за издавање на овој инструмент е определен датум на доспевање, како и податоци за доверителите на друштвото за осигурување, односно сопствениците на субординираните должнички инструменти и хартиите од вредност со неопределен рок на доспевање кои ги издало друштвото за осигурување.“

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Друштвата за осигурување кои на датумот на влегување во сила на овој правилник, во пресметката на дополнителниот капитал вклучуваат субординирани должнички инструменти чии карактеристики се разликуваат од дефиницијата од членот 1 од овој правилник, се должни во рок од 2 месеци од влегување во сила на овој Правилник да ги усогласат постојните договори за субординиран долг со членот 1 од овој Правилник и за тоа да ја информираат Агенцијата за супервизија на осигурување.

Доколку по истекот на овој период, друштвото за осигурување не се усогласи со членот 1 од овој Правилник, паричните средства по основ на издадени субординирани должнички инструменти не можат да се вклучат во пресметката на дополнителниот капитал на друштвото за осигурување.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-295/1 | Совет на експерти |
| 31 март 2020 година | Претседател, |
| Скопје | **Крсте Шајноски,** с.р. |

# ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

**1423.**

Врз основа на член 44, став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18, 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

## ДВИЖЕЊЕТО НА ИНДЕКСОТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ МАРТ 2020 ГОДИНА

Индексот на цените на мало во Република Северна Македонија во периодот јануари-март 2020 година, во однос на просечните цени на мало во 2019 година, изнесува -0,2%.

Директор,
**Апостол Симовски**, с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**

ISSN 0354-1622

2020096